Зачини го патешествието

# КАЛЕНДАР НА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

## Програма по повод 7 Ноември

Неколкудневна богата културна програма по повод Општинскиот празник, под покровителство на Општина Гевгелија.
организатор на настаните: ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија
контакт: Мирјана Крстева Массетти
e-mail: d.kulturagvg@gmail.com
тел.: 071 251 633

## Ѓура Мара

е традиционална фолклорна манифестација која се одржува на третиот ден од големиот христијански празник Велигден, по заоѓањето на сонцето. На платото пред Домот на културата во Миравци, пред многубројната публика, покрај настапот на КУД „Танец“- Миравци и гостите- збратимени културни уметнички друштва од соседните држави со изведба на кореографии од нивниот репертоар, стари и млади- жени и деца го играат традиционалното оро и ги пеат песните: „Кинисала девојка запросила гугутка“, „Ај да го заиграме плетеното оро“ и „Цуцул пасе говеда“, тематски поврзани со легендата од историското минато за грабнувањето на убавата мома Мара од турските војници и нејзиното ослободување од страна на братот Ѓуро.

организатор: КУД „Танец“- Миравци
контакт: Бошко Динов
e-mail: kudtanec@yahoo.com
тел.: 070 218 536

## За тебе љубов моја

е традиционална културно-уметничка манифестација посветена на жената, која се одржува во месец февруари, во пресрет или по Денот на жената (8 Март). На манифестацијата, македонисти и вљубеници во поезија читаат љубовни стихови од домашни и странски автори, а во музичката програма учествуваат локални музичари.

## Спасовден

Заштитникот на градот Гевгелија- Св. Спас се одбележува со неколкуднева, богата културно-уметничка програма пред или по празникот Спасовден, во која учествуваат уметници од Гевгелија и пошироко. Во рамки на програмата, се одржува традиционалната манифестација „Распеана чаршија“, на која настапуваат Ансамблот „Распеани гевгеличани“ и ансамбли од државата кои ја негуваат староградската песна и музика. Како и организираат ликовни изложби, музички и фолклорни концерти.

## Гевгелиско културно лето

е мултимедијална манифестација која се организира во текот на летниот период, со времетраење од месец дена. Програмата за „Гевгелиско културно лето“ нуди интересни театарски претстави, музички концерти, настапи на танцови групи, книжевни вечери и репрезентативни ликовни изложби на отворено. Покровител на манифестацијата е Општина Гевгелија, а во подготовката на културната програма учествуваат ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, ЈОУ Пионерски дом- Гевгелија и ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија.

## Меѓународен натпревар на млади пијанисти

е дводневен натпревар за млади пијанисти од Гевгелија, други градови од државата и странство, кој успешно ја вбројува Гевгелија како домаќин на натпревари, подготвена да ги дочекува идните големи имиња од областа на пијано уметноста. Традиционално се одржува во хотел „Аполонија“, некаде втората половина во јуни.

организатор: Глигор Гелебешев
e-mail: gligorg@gmail.com
тел.: 075 305 115

## Фестивал „БОШ

Неколку дневен фестивал со локално сконцентирана, глобално ориентирана, посветена програма со изложби, инсталации, видео-проекции, филмови, промоција на роман, работилница за деца, Саем на независно издаваштво и концерти. Активностите се случуваат на различни локации, во Народниот театар, Уметничката Галерија АМАМ во Гевгелија и ракометното игралиште во Гевгелија. Неговото одржување е најчесто последната недела од август или првата недела од септември, во чест на Бошко Бозаџиев, прерано починатиот актер и поет од Гевгелија.

организатор: ЗЛУКР „Арт Еквилибриум“- Гевгелија
контакт: Марија Стојанова
e-mail: arteq09@gmail.com
тел.: 070 262 342

## Музички фестивал „Европорта- Фест“

Дводневен музички настан со натпреварувачки карактер, на кој со соло-настапи, дуети, трио и квартети, со песни од странска и домашна музика, се претставуваат млади од Гевгелија и соседните општини кои го негуваат вокалниот талент. Полуфиналната и финалната вечер се одржуваат во ноќниот клуб „De Facto“- Гевгелија, во текот на јули.

организатор: НВО Здружение „Внимание“

контакт: Маја Зафирова
e-mail: vsl_zafirov@yahoo.com
тел.: 078 218 130

## Смоквијада

е културно-уметничка манифестација во духот на гевгелиската традиција и минато со натпреварувачки карактер. Нејзиното одржување, со текот на годините, стана културен бренд на градот. Повеќедневното траење на „Смоквијада“ опфаќа подготовка на слатко од смокви, кои пријавените парови од општина Гевгелија го подготвуваат во своите домови, како и завршна манифестација на која се прогласува најдоброто сварено слатко, во Народниот театар- Гевгелија. Одржувањето на „Смоквијада“ е во деновите на крајот од август и почетокот на септември.
Организатор: Здружение на граѓани „Тера“- Гевгелија
контакт: Ратка Гавровска
e-mail: teratera@t-home.mk
тел. 034 213 867

## Фестивал „Графити“

Еднодневен фестивал за уметничко изразување во форма на графити и мурали на артисти од Гевгелија, други градови од државата и странство.

организатор: Здружение „Урбана бригада“
контакт: Јани Ќаев
e-mail: urbanabrigada@yahoo.com
тел.: 077 843 144

## Годишен и Новогодишен концерт на Ансамбл „Бојмија“

Целовечерен концерт на „Бојмија“, на кој членовите на сите возрасни групи настапуваат со кореографии од својот богат, фолкорен репертоар. Одржувањето на Годишниот концерт е во текот на јуни, а на Новогодишниот во текот на декември, во Народниот театар- Гевгелија.

организатор: Ансамбл за традиционална музика и игри „Бојмија“
контакт: Игор Илиевски
e-mail: ansambl_bojmija@yahoo.com
тел.: 071 211 919

## Вешта жена

15 Октомври, Меѓународниот ден на белиот стап, се одбележува на самиот ден со еднодневната манифестација „Вешта жена“, на која се приготвуваат и се презентираат традиционални специјалитети. Овој настан е со натпреварувачки карактер, со прогласување победници, а програмата е збогатена и со музички изведби и трибина за слепите лица за актуелни теми од нивен интерес.

Организатор: Здружение на слепи лица- Гевгелија
контакт: Весна Аризанова
e-mail: zslgevgelija@yahoo.com
тел.: 071 631 530

## Априлијада

Еднодневен настан по повод 1 Април- Денот на шегата, на кој учествуваат дечињата од градинките и учениците од основните училишта со презентирање групни маски. Во зависнот од временските услови, настанот се организира на Градскиот плоштад или во Народниот театар- Гевгелија.

## Фолклорен ѓердан

Целовечерен концерт на фолкорни ансамбли од Гевгелија и странство, на кој се претставуваат со традиционални игри и песни од нивните региони. Настанот се одржува во рамки на културната програма за 7 Ноември, Денот на ослободувањето во Гевгелија, во Народниот театар.

## Дедо Мраз доаѓа пак кај нас

Еднодневен културно-уметнички настан по повод новодишните празници за дечињата од општина Гевгелија. Традиционално, пред крајот на декември, на Градскиот плоштад се пречекува Дедо Мраз, а програмата е збогатена со настап на танцовата група „Мистик“ и музички концерт на локални музичари.

## Годишна и Новогодишна изложба на Ликовната работилница

Повеќедневни ликовни изложби, поставени во изложбениот простор во ЈОУ Пионерски дом- Гевгелија, на кои се застапени детски цртежи на членовите на Ликовната работилница, во различни сликарски техники.
Годишната изложба се поставува во првата половина од јуни, а Новогодишната во на крајот од декември.

Организатор на настаните: ЈОУ Пионерски дом- Гевгелија
контакт: Ѓорги Милков
e-mail: pionerskidom@gmail.com
тел.: 078 286 938

## Туристичко-гастрономска изложба на алтернативни форми за развој на туризмот

Еднодневен настан за презентација на традиционална храна подготвена на модерен начин, бизнис-идеја за развој на културниот туризам или друг вид туризам, фотографии на стари традиционални јадења и стари предмети, артефакти и традиционални носии од регионот и државата. Во кои активности учествуваат студентите на организирани работилници, пред одржувањето на изложбата, со цел поттикнување на развојот на специфичните форми за развој на туризмот во општина Гевгелија, со посебен осврт на културниот туризам и традицијата. Место  и време на одржување:  летна тераса хотел „Аполонија“- Гевгелија, мај.

Организатор: Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија
контакт: Тања Ангелкова Петкова
e-mail: tanja.angelkova@ugd.edu.mk
тел.: 075 423 025

## ЅУНИЦА

Дводневен фестивал на модерна музика и уметност. Програмските активности опфаќаат учества на уметници од различни возрасти кои творат во природа, на локацијата „Бел рај“ во Миравци, слушајќи музика, и тоа во различен временски интервал, со различна музичка позадина, панел-дискусија за тоа како различните музички правци делуваат врз креативниот процес кај уметниците и музичка програма во чиишто рамки музичари од земјава и странство ја претставуваат својата креативна страна преку внимателно одбрана музичка селекција. Фестивалот се организира во текот на првата половина од септември.

Организатор: Loomynum Collective
контакт: Моника Јовановска
e-mail: monikajovanovska87@gmail.com

## Фолклорен концерт на КУД „Негорци“- Негорци

Фолклорен концерт на членовите на детските играорни групи, со изведба на кореографии од богатата ризница на македонскиот фолклор и настап на КУД „Браќа Толеви“ од Прдејци и КУД „Сушевски бисери“ од с. Сушево, Струмичко. Место и време на одржување: 21 јули, на платото во дворот на ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци.

организатор: КУД „Негорци“ од Прдејци
контакт: Ѓорги Јованов
e-mail: kud_negorci@yahoo.com
тел.: 071 207 547

## Фолклорен концерт на КУД „Браќа Толеви“- Прдејци по повод 20-годишен јубилеј

Целовечерен концерт по повод одбележувањето 20-годишен јубилеј од формирањето на КУД „Браќа Толеви“- Прдејци, со настап на нивните членови и гости КУД „Негорци“- Негорци и КУД „Пискавица“- Бања Лука, БиХ. Место и време на одржување: 26 септември, летна сцена во Прдејци.

организатор: КУД „Браќа Толеви“- Прдејци
контакт: Венци Попов
e-mail: kudbrakatolevi@gmail.com
тел.: 071 820 644

# КАЛЕНДАР НА СПОРТСКИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

## NOVEMBER RUN

Меѓународна атлетска трка по повод Општинскиот празник. Се организираат 3 трки- трка за деца (5 ноември), трка на 5 и 10 километри во машка и женска конкуренција (6 ноември).

организатор: Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија
контакт: Игор Коцевски
e-mail: ak7noemvri@yahoo.com
тел.: 070893335

## КМФ – Миравци, натпревар во мал фудбал

Целомесечен натпреварувачки турнир во мал фудбал во јуниорска и сениорска конкуренција, со учество на фудбалски екипи од Гевгелија, регионот и државата. Натпреварите помеѓу екипите се играат на спортското игралиште во Миравци, а периодот на неговото одржување е во втората половина од август и првата половина од септември.

Организатор: „КМФ Млади“- Миравци
контакт: Илија Николовски
e-mail: ikoniko100@gmail.com
тел.: 075468249

## Тениски турнир „КРУНА ОПЕН“

Еднодневен турнир во тенис, од државен размер, кој се одржува во првата половина од октомври, на тениското игралиште во Старата касарна.

Организатор: Тениски клуб „Круна“- Гевгелија
контакт: Цветан Нелоски
e-mail: tkruna@gmail.com
тел.: 070320160

## Турнири во шах

- Брзопотезен турнир, април; простории на Шаховски клуб;
- Меморијален брзопотезен турнир во шах „Венци Попов“, август, Негорски Бањи;
- Градско првенство, ноември; простории на Шаховски клуб;
- Новогодишен турнир, декември простории на Шаховски клуб.

Организатор: Шаховски клуб „7 Ноември“- Гевгелија
контакт: Перо Танчев
e-mail: tancevpepi@gmail.com
тел.: 078286399

## Меморијален турнир во кошарка „Боби Петковски“

Меморијалниот турнир во чест на Боби Петковски, починат тренер на КК „Кожув“, е со меѓународен карактер. На турнирот учествуваат машки репрезентации до 18 години на Македонија и странските држави. (Спорска сала „26 Април“, 15-17 јули)

Организатори: Општина Гевгелија, Кошаркарската федерација на Македонија и КК „Кожув“
e-mail: gevgelijao@t.mk
тел.:**034 213 843**

## Меморијален турнир во баскет 3x3 „Иван Пенов“

Неколкудневен турнир во баскет, во јуниорска и сениорска конкуренција, во чест на Иван Пенов, младиот кошаркар во „Кожув“, кој трагично го загуби животот. Време на одржување - крајот на јули до 4 август. Локација: Кошаркарско игралиште „Иван Пенов“, на улица „Илинденска“.

## Меморијален турнир „Мирче Костов“- Богородица

Неколкудневен турнир во мал фудбал што се одржува на крајот од септември, на кој се натпреваруваат младински екипи од Општина Гевгелија и регионот. Натпреварите помеѓу екипите се играат на тревното игралиште во спортскиот центар „Мирата“ во Богородица.

Организатор: ЗГ „Митко Ќаев- Баче“- Богородица
контакт: Димче Ангелов
e-mail: mitko.bace@gmail.com
тел.: 078 449 377

## Меѓународен турнир во шах за слабовидни и слепи лица

Дводневен турнир во шах од меѓународен карактер, на кој се натпреваруваат слабовидни и слепи лица од Општина Гевгелија, државата и странство. Турнирите се организираат во Негорски Бањи.

организатор: Спортски клуб на слепи и слабовидни лица „Аурора“- Гевгелија и Здружение на слепи лица- Гевгелија
контакт: Лазо Трајков
e-mail: sportskiklubaurora@gmail.com
тел.: 072 316 742

## Годишен и Новогодишен концерт на „Мистик“

Целовечерен концерт, по повод 15-годишниот јубилеј, со настап на членовите на танцовото студио „Мистик“ во Народниот театар- Гевгелија. Настанот се организира во втората половина од јуни.

Во деновите пред дочекот на Новата година, „Мистик“ организира „Флеш-моб“ на Градскиот плоштад за збогатување на празничната атмосфера.

организатор: „Мистик денс“- Гевгелија
контакт: Александар Аврамов
e-mail: mistikdens@gmail.com
тел.: 070 811 935

Зачини го патешествието